Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 235/1
19-02-2025 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14, а во врска со член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-622/1 од 19.09.2024 година, поради **неуредност.**

### О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) преку системот за електронско пријавување на интернет страницата на Комисијата, на 19.09.2024 година, е поднесена претставка заведена под бр. 08-622/1. Во претставката како лице подносител е наведена политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, без да биде наведено овластено лице за нејзино застапување, ниту пак во прилог прикачен документ со таков податок, односно потпис од овластено лице и печат од правното лице. Дополнително, содржината на претставката се однесува на одредено физичко лице како лице кое претрпело потенцијални дејствија на дискриминација, односно е лице носител на активна легитимација за поднесување на претставка, а воедно за истото не е приложена ниту согласност за поднесување на претставка.

Согласно член 23 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, лицата кои сметаат дека претрпеле дискриминација можат да поднесат претставка до Комисијата, писмено или усно на записник, без обврска за плаќање такса и друг надоместок.

Претставката, согласно член 24 став 1 од Законот, треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Согласно член 15 став 7 од Деловникот за работа на Комисијата („Службен весник на РСМ“ бр. 232/2021 и 02/2022), доколку претставката е примена по електронски пат, без електронски потпис на подносителот, истата се зема во работа, а Комисијата презема активности за потврдување на идентитетот на подносителот со негово повикување во просториите на Комисијата или на друг соодветен начин, без предизвикување на непотребни трошоци за подносителот.

Оттука, по остварена комуникација со политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, со цел потврдување на идентитетот на подносителот, Комисијата преку електронска пошта на 05.12.2024 година, беше известена дека ВМРО-ДПМНЕ не е подносител на предметната претставка.

Следствено на тоа, Комисијата утврди дека претставката не е поднесена од овластено лице, за што одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*

- *Архива на Комсијата*